ProCredit Bank

Part of the ProCredit Group

# Политика за заштита на животната средина во Прокредит банка

ПроКредит Банка е определена за континуирано зачувување на животната средина за која цел има воспоставено Систем за управување со животната средина согласно стандардот ИСО 14001. Преку овој систем овозможуваме интерните процеси и активности кои го поддржуваат процесот на финансиско опслужување на нашите клиенти да биде реализиран на одржлив и еколошки начин.

Со цел да го намалиме нашето негативно влијание кон животната средина, банката се придржува кон следниве принципи за заштита на животната средина:

- Идентификацијa и управување на клучните аспекти за заштита и спречување на загадувањето на животната средина
- Усклaдување со законската регулатива и меѓународните стандарди за заштита на Спроведување на интерни мерки за ублажување на негативното влијаније врз околината
- Искористување на ресурсите на ефикасен начин и управување со отпадот кој настанува при деловните активности
- Подигнување на свеста меѓу вработените за заштита на животната средина
- Информирање на деловните партнери и други заинтересирани страни за определбата на банката за заштита на животната средина
- Управување со влијанието на кредитираните активности на клиентите кои носат ризик по животната средина и заедницата
- Промовирање и стимулирање на еколошки прифатливи инвестиции меѓу клиентите

Со политиката за заштита на животната средина во ПроКредит банка се опфатени сите вработени и се применува во целокупната деловна мрежа и централната управа. Објектите кои банката ги изнајмува за сместување на своите вработени (изнајмени станови) не се предмет на Системот за управување со животна средина.

Сите вработени во ПроКредит банка се должни во своите секојдневни работни активности да ги почитуваат принципите на Системот за управување со животна средина. Управниот одбор на банката, со подршка на Оделот за управување со животна средина е одговорен секој вработен да биде запознаен со политиката за заштита на животна средина и на работното место да се однесува во согласност со истата. Ова се однесува и за вработените кои се во други компании а се ангажирани за извршување на одредени услуги за сметка и во рамки на деловните простории на ПроКредит банка. Овие фирми како и другите компании со кои соработува банката треба да бидат известени за политиката.

Системскиот пристап во управувањето со животната средина дополнет со континуирано вложување на напор од страна на менаџментот и сите вработени е клучот за успехот на нашиот пристап. Сите овие мерки и активности придонесуваат за подигнување на свесноста за заштита на животна средина на едно повисоко ниво како од страна на нашите вработени така и кај нашите клиенти, со што се зацврствува заедничкото чуството на припадност кон банка која целосно е подредена на еколошки одржливи принципи во своето работење.

**Јованка Јолеска Поповска**
**Генерален Директор**

**Емилија Спировска**
**Член на Управен Одбор**

**Ноември, 2016**